КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

**Октомври 2023**

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** 02/3224-229

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Во текот на октомври низа фактори влијаеја на пазарите, почнувајќи од монетарните политики и неизвесниот економскиот раст, па сè до последниот воен конфликт во Израел и геополитичките тензии на Блискиот Исток. Забележан беше пораст на приносот на долгорочните обврзници што беше главната причина за падот на пазарите на капитал и покрај добрите квартални извештаи на повеќето големи компании кои го движат пазарот.

Глобалниот индекс MSCI ACWI забележа намалување од 3,07% во изминатиот месец, задржувајќи го позитивниот принос од почетокот на годината кој изнесува 5,17%. Гледано по региони, секој од индексите оствари пад, од кои најслаб перформанс од -4,24% оствари индексот MSCI Asia Pacific. Од почеток на годината со најголем пораст на приносот од 9,23% се јавува S&P 500 индексот што ги опфаќа американските компании, додека со најголем пад за истиот тој период е индексот MSCI Emerging Market што ги претставува брзорастечките економии и изнесува -4,31%.




**MSCI Asia – Pacific** – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија –Пацифик
**MSCI Emerging Market** – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
**STOXX 600** – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
**S&P 500** – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
**MSCI ACWI** – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ-10 ИНДЕКСОТ

Во текот на октомври, македонскиот берзански индекс МБИ-10 забележа пораст од 1,78% и исто така е со позитивен принос од почетокот на годината од 4,50%. Во однос на акциите кои го сочинуваат индексот, негативен принос беше остварен само од Макпетрол кој изнесуваше -1,87%, додека сите останати беа позитивни и од кој најдобар перформанс забележа ТТК банка со 7,99%. Гледано од почетокот на годината, најголем принос има остварено Уни банка со 28,57%, а од друга страна се јавува Гранит кој за овој период бележи најголем пад изнесувајќи 10,22%.




*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Приносите на долгорочните државни обврзници повторно забележаа зголемување по изјавите од ФЕД и ЕЦБ со кои се намали очекувањето дека во скоро време би започнало кратењето на основните каматни стапки. На последниот состанок на ЕЦБ не беше донесена одлука за нивно ново зголемување, со што тие останаа на истото ниво. Со најголем принос на крајот од месецот е македонската државна обврзница кој изнесува 6,65%, додека јапонската државна обврзница се јавува со најнизок принос изнесувајќи 0,95%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**




** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање на 03.10.2028 г.*
*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на октомври, руската рубља (RUB) оствари најголем пораст во однос на еврото зголемувајќи ја својата вредност за 5,15%, но сепак, со најголем пад споредено со еврото од почетокот на годината кој изнесува 19,05%. Најголем пад во однос на еврото изминатиот месец бележат јапонскиот јен (JPY) и австралискиот долар (AUD) со 1,56% и 1,54%, соодветно. Од почетокот на годината, со најголем пораст споредено со еврото е швајцарскиот франк (CHF) кој изнесува 2,84%.






*Извор: Блумберг*